**МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ ЗА ДЕЛОВНАТА 2023 ГОДИНА**

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за трговски друштва, Управниот одбор на МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) го поднесува овој Извештај до Собранието на акционери со цел да го запознае со најбитните активности, кои како орган на управување ги има преземено во изминатата 2023 година. Овие активности битно влијаеја на реализација на проектираната деловна политика на Друштвото и остварените финансиски резултати.

На 26.04.2023 година поради истек на времето за кое биле избрани им престана мандатот на членовите на Управниот Одбор во состав:

- Доне Таневски – Претседател на Управниот Одбор
- Соња Бибановска – Член на Управниот Одбор
- Мирјана Таневска – Ефремова - Член на Управениот Одбор

Согласно Одлуката на Надзониот Одбор 02-1184/1 од 26.04.2023 година за нови членови на Управниот Одбор со шестгодишен мандат се избрани:

- Мирјана Таневска – Ефремова - Претседател на Управниот Одбор
- Зоранчо Поповски - Член на Управниот Одбор
- Илија Тренески - Член на Управниот Одбор

Во текот на деловната 2023 година, Друштвото ги остваруваше своите економски приоритети насочени кон реализација на проектираниот бизнис план во услови на годишна стапка на инфлација од 9,4%. Високата стапка на инфлација, воените конфликти во светот, високите цени на енергенсите на светските берзи како и нелојалната конкуренција на домашниот пазар, придонесоа Друштвото во текот на изминатата деловна година своите деловни активности да ги извршува во исклучително тешки и непредвидливи услови за работа.

Работејќи во тешки и непредвидливи услови за работа, Управниот Одбор превзеде низа активности за реализација на зацртаните планови за развој на Друштвото и обезбедување на компетентен менаџмент.

Значајно е да се истакне дека Друштвото и во вакви отежнати услови за работа, во сите сегменти успешно ги реализираше своите приоритетни цели и задачи зацртани во бизнис планот и деловната политика за што најдобри показатели се надминувањето на очекуваните резултати зацртани во бизнис планот, како и остварувањето на позитивен финансиски резултат.

Посебно беше истакнато ангажирањето за откривање и разрешување на проблемите кои го отежнуваат работењето на  Друштвото, подобрување на конкурентноста на пазарот, намалување на трошоците, изнаоѓање  на нови решенија и содржини за подружниците кои остваруваат послаби деловни резултати, усовршување на организацијата на работењето и низа други активности со цел остварување поуспешни резултати и зголемување на капиталот на Друштвото.

На одржаните седници во текот на 2023 година најзначајни активности на Управниот Одбор се следните:

- Комплетното реновирање на конференциските сали во склоп на Хотелот Холидеј Ин
- Поставување на фотоволтаични централи во склоп на Подружниците: Хотел "Белви", Хотел "Карпош", Хотел "Сарај".
- Активности во насока на имплементација на законските прописи, статутаните одредби и општите акти на Друштвото
- Следење на состојбата и конкуренцијата на пазарот, испитување на потебите на клиените, како и зајакнување на бизнис врските со постоечките и изнаоѓање на нови бизнис партнери
- Обезбедување на економично, рентабилно и продуктивно работење
- Активности кон реализација на зацртаната деловна политика
- Постојана анализа на економските показатели и фактори, остварените приходи и трошоци како на ниво на Друштвото во целина така и по подружници, внатрешни организациони единици и сектори, се со цел изнаоѓање начини за унапредување и подобрување на целокупниот резултат од работењето

Финансиските резултати од севкупното ангажирање на Управниот Одбор минатата година се содржани во Извештајот за работењето на Друштвото во минатата 2023 година.

Од нив најзанчајни се следните:

- Остварена е добивка по оданочување во износ од 96.394.329 денари и е повеке од три пати повисока во однос на претходната година.
- Според податоците од Билансот на состојба за 2023 година, вкупната актива е зголемена за 6,99%, додека пак вкупниот капитал е зголемен за 6,48% во однос на минатата година

Од прикажаните резултати од работењето на Друштвото, може да се резимира дека во изминатата 2023 година се остварени мошне задоволителни резултати, земајќи во предвид дека се остварени во исклучително отежнати и неизвесни услови за работа.

Управниот Одбор и понатаму ќе продолжи активно да работи на преземање на низа мерки за понатамошно подобрување на резултатите од работењето на Друштвото во целина и поединечно по подружници, со цел "Македонијатурист" АД Скопје да продолжи успешно да ги реализира своите активности и да остварува добри деловни резултати водејќи перманентна грижа за интересите на акционерите и на вработените во Друштвото.

Позитивните финасиски резултати во 2023 година се остварени со целосно ангажирање на членовите на Управниот Одбор, членовите на Надзорниот Одбор, вработените во Друштвото како и со искажаната доверба од страна на акционерите.

"Македонијатурист" АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Мирјана Таневска - Ефремова